# Враќање дома после поплава

## Информации како да се остане безбеден после поплава

**Macedonian | Македонски**

**OFFICIAL**

Кога се враќате дома после поплава, прочитајте ги овие информации за да се заштитите себеси и вашето семејство од можна повреда или болест.

## Како да се вратите дома безбедно

- Никогаш немојте да одите, пливате или возите низ разлеана вода, дури и ако е плитка. Децата и домашните миленици чувајте ги подалеку додека да биде безбедно да се вратат.
- Контакт на кожата со вода од поплава и со кал може да предизвика болест и инфекции. Одбегнувајте контакт со вода од поплава и редовно мијте ги рацете со сапун.
- Кога расчистувате, носете водоотпорни чизми и гумени или кожени ракавици.
- Покријте ги сите исеченици или рани што би можеле да дојдат во контакт со вода од поплава. Ако се повредите или исечете, исчистете ја раната и веднаш стапете во контакт со доктор.
- Внимавајте на овие нешта пред да влезете дома:
    - ✓ поплавата може да предизвика канализацијата да се излее во вашиот дом
    - ✓ снабдувањето со гас или струја може да биде оштетено
    - ✓ структурата на вашата куќа може да биде оштетена
    - ✓ змии и други животни можеби побарале засолниште во вашата куќа, шупа или градина.
    - ✓ фрлете ја застојаната вода собрана во садови во градината, зашто во неа се размножуваат комарци
    - ✓ ако во вашата куќа има мувла, мора да ја исчистите пред да се вратите дома.
- Ако снемало струја, проверете ги храната и лековите во фрижидерот. Можеби ќе треба да ги фрлите.
- Не користете пренослив генератор во затворени простории, бидејќи може да произведе јаглероден моноксид што може да ве направи многу болни.
- Поплавата може да ја загади вашата вода за пиење. Проверете во вашата компанија за вода дали водата од вашата чешма е безбедна за пиење. Ако не сте приклучени во водоводна мрежа и мислите дека поплавата влијаела на вашето приватно снабдување со вода, контактирајте со вашата општина.
- Не се капете во водни текови, плажи или базени, бидејќи може да се загадени.
- Поплавите може да предизвикаат поместување на делови од вашата куќа, како што се цевки, цементни плочи или плочки. Ако наидете на азбест, не го поместувајте материјалот и јавете се на вашата општина.
- Ако вашиот систем за отпадна вода е засегнат, намалете го користењето на вода и стапете во контакт со водоинсталатер (plumber).

## Водете грижа за себе

- Нормално е да се чувствуваат многу емоции; поведете грижа за себеси и обратете се на вашите блиски за поддршка.
- Ако се чувствувате преоптоварени со емоции, за бесплатна поддршка може да се јавите на Центрите за ментално здравје и благосостојба (Mental Health and Wellbeing Hubs) на 1300 375 330.

- Ако сте загрижени за вашето здравје, видете го вашиот семеен доктор. Во итни случаи јавете се на 000. Ако не можете да се јавите, треба да отидете во најблиската болница.
- Ако сте во криза вие или некој кого го познавате, јавете се на Lifeline на 13 11 14 или на Beyond Blue на 1300 224 636.

## Побарајте финансиска помош

- Ако вашиот дом е засегнат од поплавите, може да ги исполнувате условите за еднократна исплата во вонредни ситуации. За повеќе информации видете на https://emergencypayments.dffh.vic.gov.au
- Re-establishment Assistance (Помош за реставрирање) може да ви биде достапна ако не можете да живеете во вашиот дом бидејќи е оштетен или ако немате пристап на вашиот дом повеќе од 7 дена. За повеќе информации видете на https://services.dffh.vic.gov.au/personal-hardship-assistance-program
- Disaster Recovery Allowance (Исплата за закрепнување по катастрофа) е на располагање на вработени или самостојни вработени лица кои останале без приходи поради некоја голема несреќа. Може да добивате исплати до 13 недели откако се случила катастрофата. Видете на https://www.servicesaustralia.gov.au/natural-disaster-events?context=60042 for more information.
- Може да ги исполнувате условите за Australian Government Disaster Recovery Payment (Исплата на Австралиската влада за закрепнување по катастрофа) ако сте биле сериозно повредени или вашиот дом бил сериозно оштетен во поплава. Возрасните може да добијат 1.000 долари, а децата 400 долари. За повеќе информации видете на https://www.servicesaustralia.gov.au/victorian-floods-october-2022-australian-government-disaster-recovery-payment.
- Јавете се на дежурната линија за закрепнување по поплава (Flood Recovery Hotline) на 1800 560 760 за помош со привремено сместување и друга поддршка.
- Ако ви треба помош околу осигурувањето, јавете се на дежурната линија за катастрофи при Insurance Council Australia на 1800 734 621.

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, пратете имејл на pph.communications@health.vic.gov.au